РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2213/6
17-12-2020 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став и член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава доставена од познат подносител, на продолжението на 42- та седница одржано на ден 14.12.2020 година Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) ја донесе следнава

## Одлука

Постапката по предметот број 12- 2213 од 2020 година оформен по пријава за корупција бр. 12-2213/1 од 15.06.2020 година доставена од подносителот ------------------------------------------------------------------------------------------, **СЕ ЗАПИРА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за натамошно постапување во предметот со број 12 - 2213 од 2020 година бидејќи по истите наводи постапка спроведува друг орган – надлежен суд.

Поради непостапување на општина ------ по барањето на ДКСК и недоставување на потребните податоци и информации, ДКСК ќе поведе прекршочна постапка против одговорното лице на Општина ------.

Предметот со број 12-2213 од 2020 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на ДКСК, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-2213 од 2020 година е оформен врз основа на барање за поведување на кривична постапка бр. 12-2213/1 од 15.06.2020 година, доставено до Државната комисија за спречување на корупцијата од страна на ------------------------------------------------------------------------.

Инспекторатот, како независен државен орган согласно законските овластувања врши инспекциски контроли и надзор на работата на одделот за урбанизам и градежништво во општините во РСМ. По сознанија и информација доставени од група граѓани на РСМ, со наводи дека непознат инвеститор извршил бесправно градење на објект на ул. -------- општина ----- и злоупотребувајќи го Законот за бесправно изградени објекти го оштетил буџетот на РСМ избегнал плаќање на комуналии согласно Законот за градба, на начин што го легализирал објект спротивно со Деталниот урбанистички план на наведената Општина.

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Кон овој предмет споен е и предметот заведен со број 12-2285 од 2020 година кој е оформен по барање од ---- за поведување на кривична постапка бр. 12-2285/1 од 26.06.2020 година, од причина што се работи за предмети оформени по две одделно доставени пријави од ист подносител и со исти предметни наводи.

Заради утврдување на фактичката состојба, до Општина ------- Основното јавно обвинителство и Управата за финансиска полиција, ДКСК упати барања за доставување информации и податоци во врска со предметните наводи. По барањата на ДКСК доставено е известување и по разгледувањето на целокупната документација со која располага за предметниот случај од страна на ДКСК утврдена е следната фактичка состојба:

- Доставената пријава всушност претставува барање ДКСК да поведе кривична постапка против општина ------- поради тоа што Општината не постапила по барањето на ----- и не обезбедила услови за вршење надзор над спорната градба на улица ---------. Имено, согласно законските надлежности за постапување по претставки, градежниот инспектор при ------- постапил по доставената пријава и до овластениот градежен инспектор при општина ------- доставил Барање за известување со нивен бр. ------ - - ----- од 31.07.2019 год., со барање во рок од 5 дена да се постапи по претставката која согласно процесот за децентрализација и донесените Закон за локална самоуправа, Закон за просторно и урбанистичко планирање и Закон за градење, донесувањето и извршувањето на управните акти за објекти од втора категорија била во надлежност на општината во чии граници е градбата, во конкретниот случај општина -- ----.

По изминување на дадениот рок за постапување, општина ------ не одговорила на барањата поради што упатена е Ургенција со бр. --- ------- ------ на 12.09.2019 год. но и по ургенцијата не бил добиен повратен одговор. Врз основа на ваквото постапување, ------- изразува сомнежи дека општина ------- нема издадено никакви документи за одобрување на градбата на објектот на наведената локација, односно дека објектот е дивоградба, и согласно законските надлежности треба да се преземе следен чекор.

На ден 24.01.2019 година, согласно своите законски обврски, државниот инспекторат ја известил општина ------- со за вршење на вонреден инспекциски надзор во Општината врз основа на чл. 131 став 4 од Законот за градење, заведено под нивен бр.--- - --- при што побарано е присуство на овластен градежен инспектор за увид во водените постапки и контрола на лице место на објектот во Општината. И по ова барање општина --------не постапила, иако за тоа биле уредно известени по писмен пат. Ова Известување било примено во архивата на Општина ------- на ден 24.01.2020 година (видно од приемниот печат).

Од страна на Општина ------- до денот на поднесувањето на пријавата до ДКСК 15.06.2020 година, не било постапено по барањата на ------- ниту било одговорено по истите, поради што ----- бил спречен да ја оствари својата законска надлежност и да го изврши планираниот вонреден инспекциски надзор во наведената Општина. Од таа причина ----- се обраќа до ДКСК со барање за поведување на кривична постапка и предлага ДКСК да преземе мерки согласно своите надлежности.

Истовремено -----У во својата пријава известува дека за конкретниот случај доставени се пријави и до Основното јавно обвинителство и Управата за финансиска полиција. Во прилог на барањето се доставени: копија од Кривична пријава од 30.07.2019 година; копија од Барање за известување до општина ----- од 31.07.2019 год., копија од Ургенција до општина ----- од 12.09.2019 година и копија од

Известување за вршење на вонреден инспекциски надзор, доставено во општина -----на 24.01.2020 година.

-На ден 06.11.2020 од Основното јавно обвинителство Скопје до ДКСК достави известување со информации дека во ова обвинителство на 15.06.2020 година било примено барање од ----- бр.--- -----/- за поведување на кривична постапка против непознат сторител за кривично дело - Бесправно градење од чл.244-а од Кривичниот закон за бесправно изградена градба на ул. „-----------" во Општина ------, врз основа на поднесена кривична пријава до инспекторатот од група граѓани од Скопје. Известено е дека по поднесеното барање за поведување на кривична постапка, во ова надлежно јавно обвинителство оформен е предмет РО бр.---/--, кој е во фаза на предистражна постапка.

-Општина ------ нема постапено по барањето на ДКСК и во законскиот рок не се доставени бараните податоци и информации во врска со предметниот случај, по што ДКСК констатира дека е сторен прекршок од страна на одговорното лице на Општината по член 23 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, кој е казнив по член 100 од истиот Закон. За констатираниот прекршок ДКСК ќе се поведе прекршочна постапка.

Од погоре утврдената фактичка состојба, ДКСК констатира дека по основ на наводите во доставената пријава, ----- постапил согласно своите надлежности и пред надлежните органи поднесено е барање за поведување на кривична постапка против лицето – инвеститор, по кое Основното јавно обвинителство Скопје има оформено предмет кој е во предистражна постапка.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Одлучено на ден 14 декември 2020 година под бр. 12- 2213/6**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Доставено до :
- Архива
- Подносител

По заклучок на ДКСК,
Изработил: Ј.Ц, советник
Одобрил : К.Н ,член на ДКСК